# КАРПОШ
# неделен Е - БИЛТЕН









**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

20 - 26 мај 2019 Билтен бр. 322

# ХОРИСИСТИТЕ ОД „ ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ - НАЈДОБРИ ГОДИНАВА

Со изведба на песната „Пошла мома на вода“, под менторство на Елизабета Сакоман Станоевска, основците од ООУ „Владо Тасевски“ го освоија првото место на училишниот хорски натпревар.

Во холот на ООУ „ Димо Хаџи Димов“, пред присутните гости, наставници и директори, се претставија хористи од десетте основни училишта на територијата на Општина Карпош. Второто место го освоија учениците од „Лазо Трповски“ кои ја изведоа песната „Назад, назад Калино моме“, под менсторство на Мира Костовска, додека третопласирани се учениците од „Вера Циривири Трена“, со песната „Africa“, под менторство на Александар Панајотов.

Дипломите на победниците-ментори на овогодинешниот хорски натпревар им ги додели помошник раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес при Општина Карпош Гордана Стојчевска - Зафировска.










ДИПЛОМА
ДИПЛОМА
ДИПЛОМА

# ПРИЈАВЕНИ СЕ ДВЕ ФИРМИ КОИ ФРЛАЛЕ ШУТ ВО БАРДОВЦИ




Општина Карпош пријави до полицијата два правни субјекта кои фрлале отпад на јавни/приватни површини и коишто придонеле за загадување на животната средина. Пријавата уследи откако граѓани кои живеат во делот на Бардовци, доставија фотографии и информации за однесувањето на фирмите кон животната средина. Патем, приложени се фотографии и други информации кои ќе помогнат во пронаоѓање на овластените претставници на фирмите.

Сакаме да ја информираме јавноста дека нема да има толеранција за оние кои фрлаат отпад и шут, без разлика дали станува збор за физички или правни лица (фирми).

Општината ќе продолжи да презема активности, но и самостојно, на терен, да ги санкционира загадувачите. Дополнително, во соработка со полицијата и со другите инспекциски органи, ќе инсистираме на интензивна и постојана борба со оние кои ја загрозуваат животната средина.

# „ПРАШКА“ Е ЕДНОНАСОЧНА - ВОЗИ БЕЗБЕДНО И СОВЕСНО



Од 21 мај почнува да функционира новиот сообраќаен режим на улицата „Прашка“, во населбата Тафталиџе 1. По оваа улица каде што има и повеќе воспитно - образовни установи, ќе се вози во една насока, со што ќе се ублажи метежот во овој дел од Карпош.

За новото сообраќајно решение информираше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, како и менаџерот на Меѓународното училиште „Нова“, Иван Новаковски.

- Со новата хоризонталната и вертикална сигнализација ќе се придонесе кон подобрување на безбедноста на сообраќајот во овој дел од Карпош. Тука веќе се поставија и четири платформи за забавување на сообраќајот (т.н. „легнати полицајци“). Во моментов се работи на поставување на „легнати полицајци“ и пред други основни училишта: „Јан Амос Коменски“, „Војдан Чернодрински“, „Димо Хаџи Димов“ и „Братство“, рече Богоев.



Пред медиумите се обрати и менаџерот на „Нова", Иван Новаковски, затоа што ова меѓународно училиште го донираше проектот за целиот сообраќаен режим, а и во повеќе наврати ја покажаа својата општествена одговорност и грижа кон заедницата.

Новаковски потенцираше дека за еднонасочниот сообраќај разговарале со голем број родители и дека оваа иницијата денеска се реализира на негово задоволство.

-Тафталиџе 1 беше најпогодено од непланската урбанизација, а со овие мерки ќе се санира дел од направената штета, рече Новаковски.

Локалната самоуправа ќе продолжи со подготовка на проектите за еднонасочни улици, особено во деловите каде што има повеќе училишта и градинки.

Градоначалникот Богоев ги повика сите карпошани, граѓани, да ги почитуваат новите сообраќајни знаци, да возат внимателно и совесно, затоа што сите носиме одговорност за безбедноста во сообраќајот.





# УКРАДЕНИ УКРАСНИ ГРМУШКИ ОД ПЛАТОТО ВО КАРПОШ 3

Деновиве несовесни граѓани „успеаја“ да украдат пет украсни грмушки од платото во Карпош 3.

Станува збор за нови садници - украсни грмушки од видот buxus или зеленики, коишто Општина Карпош, од својот Буџет, поточно од средствата на граѓаните, ги намени за хортикултурно уредување на платото во Карпош 3, како дел од големата кампања на зголемување на зеленилото во општината, која се уште е во тек.

Ваквиот вандалски чин, во кој грмушките се искорнати од корен, предизвика револт кај граѓаните и во иднина ќе бидат санкционирани.





